До
Директори и раководители на локални институции и
раководители на сектори и одделенија
Општина Крива Паланка

ЗАДОЛЖЕНИЈА ОД ГРАДОНАЧАЛНИК БР.2

на ден, 17.3.2025 година

На ден 17.3.2025 Градоначалникот Сашко Митовски распредели тековни задолженија за наредниот период, поединечно за раководителите од Општина Крива Паланка и директорите на локалните институции, со оглед на тоа што закажаниот колегиум за 17.3.2025 беше откажан поради трагичниот настан во Кочани, а во државата е прогласена седумдневна жалост.

Задолженија се доставени до:
1. Раководител на Сектор Одделение за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот, Даниела Велковска;
2. Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и одржување комунална инфраструктура, Маја Костадиновска;
3. Раководител на Одделение за човечки ресурси, Игор Додевски;
4. Раководител на Одделение за финансиски прашања, Марија Златановска;
5. Раководител на Одделение за инспекциски надзор, Бранко Велиновски;
6. Раководител на Одделение задделение за администрирање даноци, такси и надоместоци, Емил Денчевски;
7. Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков;
8. Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграции, Антонио Давитковски
9. Директор на ЛУ Градски музеј, Крива Паланка, Драган Величковски,
10. Вршител на должност директор на ЈП Комуналец, Далибор Стојановиќ и
11. Кабинет на градоначалник, лице за поддршка, Јорданчо Миневски

Задолженијата во Сектор Одделение за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот се однесуваат на: тековни постапки за експропријација на имот, подготовки од Програма за култура и организација на настаните, реализација на постапки за блокирање/ извршување решенија за комунална такса за фирмарини, дополна на апликација за изградба на дом за стари лица, постапка за продажба на објект во село Огут, по добиена согласност од страна на Владата на РСМ за именување на центарот за култура и проемена

на името на Шанин мост, да се спроведат потребни постапки и координација со ОО Црвен Крст, Крива Паланка да се разгледа можност за воведување услуга ИТНО КОПЧЕ.

Задолженијата во Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура се однесуваат за: обезбедување одобрение за градење за изградба на улично осветлување на т.н. руски пат до манастир св.Јоаким Осоговски, преземање потребни чекори за проектот за изградба на дом за стари лица, координација на постапките за обезбедување на проектно-техничка документација за предвидени улици, сервисна улица, водоводи и канализации со одговорните проектантски куќи, задолженија за урбанистичко-планска постапка и извештај за постапки од службениците од одделението, јавен повик за поставување времен објект и урбана опрема на спортскиот комплекс со угостителска намена, назначување одговорно лице за проектот ПАРКС, да се отпочне постапка за подготовка и измена на сообраќаен проект за централната улица и јавна наавка за сообраќајна сигнализација и придружни потребни сообраќајни елементи, неделни задолженија за градежните активностите на ЈП Комуналец, да се организира почеток на градежните активности во село Конопница-Трнци за изградба на фекална канилизација, одбележување на пешачката патека покрај Крива Река, отпочнување постапка за носење на урбанистичко-планска документација за Калин Камен за изградба на мини ски-патеки, комуникација со Изведувачот,проектната единица за договор и насоки за довршување на проектот за централната градска улица со сите усвоени измени на проектот и останати работи, да се направи пресметка за преостанатиот дел финасии и да се аплицира во проектната единица при МТ, да се организира вовед во градежните активности за изградба на модуларна катна гаража на локација на Зелен пазар.

Одделение за човечки ресури има задолжение за реалиазција на: постапки за интерни унапредувања, постапки за унапредување по пат на јавен оглас, да се изготват договори и да се ангажираат лица преку АПВ, да се распишат огласи за вработување, помлад соработник за подготовка и анализа на проекти и НВО, виш соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина , помлад соработник - внатрешен ревизор на обука и да се спроведат Одлуката од влада за давање на согласност за проемна на назив на инфраструктурни објекти.

Задолженијата до Одделение за финансиски прашања се: усогласувања на минамалнта плата и измена на општиот колективен договор, новата промена на константираната состојба со имот да се предвиди нов имот на општина, одлуки за отпис на нефункционален имот, подоготовка на ребаланс на Буџет 2025, за потшишување на договорите со Влада за нови капитални инвистиции.

Задолженија за Одделение за инспекциски надзор: расчистување на депонијата за инертен отпад,да се разгледа можноста за поставување подземни контејнери на територија на општината, следење на договорот за заловување на бездомни кучиња по избор на оператор, активности согласно новите договори со колективни постапувачи за текстилен отпад и хаварисани автомобили, кампања по однос на истите, активности за организација на генералка викенд, налог за работа за вршење на контрола на сите времени објекти на државно земјиште и нивно можно воведување во даночниот систем на општината, со Одделението за финасии и Одделението за човечки ресурси да се организира работен состанок за уредување начин на исплата на инспекциско одделение во меѓуопштинска соработка, активности според законските надлежности за хаваријата на рудникот Тораница.

Задолженијата за Одделението за администрирање даноци, такси и надоместоци се: превземање ургентни активности кон правни и и физички лица што имаат истакнати табли и рекламни паноа, за воведување во даночниот систем на општината/нивна наплата, активности за ажурирање и надградба на софтерот за даноци, активности за сите времени објекти поставени на државно земјиште на територија на општина Крива Паланка, да се воведат во даночниот систем, со изработка  на регистар и процедура истите да се оданачот/до наплата. Да се анализира и аргументира сумата/цената за уредување земјиште, да се разгледаат сите законски можности по основ на нови дополнителни извори на даночни приходи, со нивно воведување во данчониот систем на општината, вклучително и наплата на истите и да се генерираат решенија за данок на имот, како и да се достават.

Одделение за изградба и одржување комунална инфраструктура  треба да организира работата на терен по однос на градежните активности со ЈП Комуналец, да се постапи по извршената штета на улица Јоаким Осоговски, предизвикана од сообраќајна незгода во месец ноември 2024, да се врши редовна теренска организација и контрола на секоја градежна активност на терен од страна на секој задолжен градежен инжинер за следење и реализација на договор, да се распишат јавните набавки, да се организира почеток во градежните активности на проектот за изгадба на канализација во село Конопница, да се кординираат постапките за обезбедување на проектно-техничка документација за сите активни договори, на економскиот оператор што има договор со општина Крива Паланка за градежно-занеатски работи да се издаде налог за: уредување на пешачка патека со камени плочи кај Виолетов мост, уредување на просотор околу парк кај комплекс згради со поставување на бекатон плочи, изградба на потпорен ѕид во Осичка маала, да се изготви налог за отпочнување постапка за носење на урбанистичко-планска документација за Калин Камен за изградба на мини ски-патеки, а за централната градска улица да се стапи во комуникација со Изведувачот,проектната единица за договор и насоки по однос на следните активности, да се организира вовед во градежните активности за изградба на модуларна катна гаража на локација на Зелен пазар.

Задолженија за Одделение за локален економски развој и евроинтеграции: да се превземат активности по однос на постапка за јавен повик за избор на економски оператор за проектот за изградба на Адрелински парк-Калин Камен, тековно да се следат активности на терен и реализација на проектот ПАРКС.

Задолженија за ЛУ Градски музеј се: следење на реализација на проектот за партерно уредување на старото школо во Градец, да се отпочнат активности за изработка на технички проект за изведба на настрешница во задниот двор на Градски музеј, ангажирање на лице за подготовка на фото и видео матриајл од имплементираната „Град на култура“ и изработка на публикација со реализирани настани, да се достават до одделение за финансии во општината доспеани трошоци за манифестацијата “Крива Паланка - Град на култура 2024” и да се почне со подготовка на настанот „Арилијада 2025“.

Задолженија за ЈП Комуналец се слдените: да се организира работата на терен по однос на градежните активности со ЈП Комуналец за приклучоци на канализации, калдрма, насип на депонија со инертен отпад, уредувања простори. Да донесат на УО сите Одлуки за Совет, да се распишат јавни огласи за вработување на даватели на услуги, изработка на предлог спецификација за потреби на одржување на уличната мрежа за јавно осветлување во Кр.Паланка,да се обезбеди цистерна на услуга за одреден временски период за потреби за миење на јавни површини, да се стави во функција тракторската метларка за метење и миење на споредни улици, возила од сервис да бидат подигнати, раководителите на Сектори да вршат увид и контрола во работата на теренските извршители, да се стават во функција и да се сервисираат сите специјализирани машини на ЈП Комуналец за јавна чистота. Да се воведе ред и дисциплина во работењето на сите вработени.
Сектор јавна чистота и комунална хигиена да органзиира редовно вечерно миење на централната улица, празнење на малите кантите од магистралниот пат, ролерската и пешачка патека,манастир и да се изврши фиксирање на истите, метење на стариот и новиот пат до манастр св.Јоаким Осоговски, продолжување на активноста за чистење на сливници,канали,решетки,долови., метење на споредни улици од втора и трета зона, метење на просторот кај автобуска станица, просторот од школо партизан до виолетов мост.
Задолженија за сектор зеленило: уредување на површините од речното корито од спортски комплекс до градски базен, довршување на уредувањето на теренот на спортскиот комплекс во село Конопница Тополки, да се организра фарбање на простанатите дрвореди од јавни површини и паркови. Да се организира ставање во функција градската фонтана, преуредување и набавка на декоративен украсен камен за дрворедите од централната улица, за потреби на секторот да се ангажираат затворските работници.
Задолженија за сектор водовод и канализација: ставање во функција на фонтаните во градскиот парк и градски плоштад, санација на дефектот на главната водоводна линија, да се организира градежна активност на терен за приклучок на канализациона мрежа во село Конопница во наелба Трнци и крак Конопница, да се организира активност за санација на канализациона линија во населба Стамболици. Овој сектор за организира санација на шахти на посочен и улици во градот, приклучок на физички лица од село Конопница, населба Чивлк

кои што имаат извршено уплата и да се извршат потребните работи со градежна механизација по налог на Општина Крива Паланка.

Задолженија за Кабинет на градоначалник: организирање снимање со дрон/фотографирање и објави на псоочени проекти што ќе финишираат до крај на неделата, да се изврши ажурирање на табелата со реализирани проекти, реализирани активности и линкови од самите настани. Да се заврши кадровската промена на ЈП Калин Камен и примопредавање на сите подготвени акти,правилници,анализи и сл. Во координација со началникот на инспекциското одделение да се превземат кампањски активности за организирање на акции со колективните постапувачи за текстилен отпад и хаварисани возила

Сите задолженија се доставени до Раководители на Одделенија, сектори и директори и вршители на должност директор на локални институции.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

17.3.2025

Подготвил:Ирена Белешковска

Градоначалник

Сашко Митовски